РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 18-865/5
19.08 2025 год.
ПРОБИШТИП

Врз основа на Одлука за утврдување на издавање на простор и издавање на тезги по повод одржување на манифестацијата „Денови на спорт и култура“, а во врска со празникот 28 Август 2025, бр. 26-858/7 од 14.08.2025 година, Ве известуваме за

**Јавно наддавање на локации и тезги за манифестацијата "Недела на спорт и култура", за 28.08.2025 година ( Вечер со македонски ѕвезди )**

Почитувани,

Ве известуваме дека на ден 22.08.2025 г. Со почеток во 12 часот во салата на Дом на култура „Злетовски рудар“ ќе се изврши јавна лицитација за изнајмување на штандови и тезги за манифестацијата „Недела на спорт и култура“.

2. **Предмет на закупот е**

| Ред. Бр. | Опис<br>Локации за поставување на штандови<br>на Градски плоштад „Св. Гаврил Лесновски“ | Почетна цена | Праг за наддавање |
|---|---|---|---|
| 1 | Локација бр.1 | 30.000 денари | 2.000 денари |
| 2. | Локација бр.2. | 30.000 денари | 2.000 денари |

| Ред. бр. | Опис<br>Локации за поставување на штандови<br>На секундарниот плоштад | Почетна цена | Праг за наддавање |
|---|---|---|---|
| 1 | Локација бр. 3,4,5,6 | 40.000 денари | 2.000 денари |

Постигнатата цена на закупнина ќе се пресметува и плаќа во рок од 1 работен ден по завршувањето на усното јавно наддавање.

Времетраењето на закупот е за 1 ден за време на одржувањето на манифестацијата на Градски плоштад (на 28.08.2025 г.)

**2. Закупот ќе се изврши со усно јавно наддавање.**

- За учество на јавниот повик секој понудувач е должен да уплати депозит во висина од 50% од утврдената почетна цена за закуп на с/ка:

**Трезорска с/ка: 100000000063095**
**Уплатна с/ка 75701 40703 63010**
**Приходно конто: 717 135**
**Програма: 00**

**Цел на дознаката: Комунална такса за користење на плоштади**

-Депозитот се уплаќа на депозитна сметка во рамките на трезорската сметка или на благајната на општина Пробиштип, за секоја локација посебно. Доколку заинтересираните кандидати сакат да учествуват на наддавањето за повеќе локации, во тој случат треба да уплата депозит за толку локации за колку што ќе наддаваат.

- Рокот за уплата на депозитот е најдоцна час пред часот утврден за јавното наддавање.

-Наддавањето ќе се изврши доколку во оставениот рок има најмалку еден пријавен кандидат, во спротивно наддавањето ќе се повтори.

- На јавното наддавање не може да учествува лице кое навремено не го уплатило предвидениот износ на депозитот наведен во овој повик.

**- Јавното наддавање ќе се спроведе на ден 22.08.2025 година (петок) со почеток во 12.00 часот во салата на Дом на култура „Злетовски рудар" Пробиштип**

- Овластените претставници на наддавачите, за учество на јавното наддавање на комисијата треба да и достават писмено овластување потпишано од одговорното лице кај правното лице –понудувач.

-По завршување на јавното наддавање најповолниот понудувач треба да го уплати постигнатиот износ за закуп во рок од 1 работен ден од денот на завршувањето на јавното наддавање. Во спротивно, депозитот ќе му се задржи а локацијата ќе се издаде на второ рангираниот учесник на јавното наддавање.

- По завршување на изборот на најповолен понудувач , на сите учесници во јавното наддавање кои не се избрани, средствата од депозитот ќе им бидат вратени најдоцна во рок од 7 дена од денот на јавното наддавање.

- Со најповолно избраниот наддавач ќе се склучи договор во рок од 2 дена од јавното наддавање за уредување на мегусебните права и обврски.

-Правните лица кои ќе вршат продажба на производи во готовинско плаќање треба да поседуваат фискален апарат и да издаваат фискални сметки онаму каде што ќе се врши продажбата.

-Доколку правните лица вршат продажба само за време на Неделата на спортот и култура, треба да бидат регистрирани како обврзници од времен карактер.

-организаторот на манифестацијата Недела на спорт и култура се оградува од било какви евентуални последици по учесниците на манифестацијата по основ на поседување на фискален апарат и издавање на фискални сметки.

Со почит.

Комисија за јавно наддавање
Претседател,
С.р. Радослав Илиевски